Број на Службен весник: 150/2014
Датум на објавување: 14.10.2014

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Врз основа на член 75 став (5) од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/013, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14 и 116/14), министерот за здравство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА КОНЗИЛИЈАРНОТО МИСЛЕЊЕ СО НАОД, МЕДИЦИНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, КАКО И НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ СО НАОД ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на конзилијарното мислење со наод, медицинската документација, како и надоместокот за издавање на конзилијарно мислење со наод за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице.

## Член 2

(1) Конзилијарното мислење со наод за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице (во натамошниот текст: конзилијарното мислење) се издава на образец што се печати на хартија во бела боја со А-4 формат, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Конзилијарното мислење содржи:
- назив на комисија која дава конзилијарно мислење со наод,
- број и датум на конзилијарното мислење со наод,
- наслов на конзилијарното мислење со наод,
- податоци за прегледаното лице,
- податоци за болеста и испитувањата,
- наод, краток опис,
- мислење на конзилиумот,
- забелешка,
- датум и место за печат и потпис.

**Член 3**

Медицинската документација за издавање на конзилијарно мислење се состои од специјалистички извештај и/или отпусно писмо.

**Член 4**

Висината на надоместокот за издавање на конзилијарното мислење со наод за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице изнесува 1.200 денари.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број - 07-9823/1

14 октомври 2014 година

Скопје

Министер за здравство,

**Никола Тодоров,** с.р.



Комисија ____________ Прилог

Број ____________

Датум ____________

КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ СО НАОД
за остварување на правото за паричен надоместок за помош и нега од друго лице

- Презиме, татково име и име на прегледаното лице ____________
- Единствен матичен број на граѓанинот ____________

-Единствен здравствен број на прегледаното лице ____________
-Датум на раѓање ____________
- Адреса и место на живеење ____________

- Пациентот боледува од: (дијагноза на болеста со назначување на шифрата) ____________

- Последни испитувања кои се направени и на основа на кои се донесува конзилијарното мислење со наод се:
Испитување ____________
Наод, краток опис ____________

Мислење на конзилиумот: ____________

Забелешка: можност за рехабилитација: ____________

Донесено на ден: ____________

Конзилиум

1. ____________

2. ____________ М.П.

3. ____________